ОПШТИНА ВЕЛЕС
Одделение за инспекциски надзор

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА 2026 ГОДИНА

Дел. Бр. 24-37/13

Датум: 30.12.2025 година

Место: Велес

Славица Переска
[име и презиме]

Раководител на одделение за инспекциски надзор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

М.П.

[потпис]

## РЕЗИМЕ

Заради планирање на работите од надлежност на Одделението за инспекциски надзор на Општина Велес со цел постигнување на поголема ефикасност, економичност и ефективност во извршувањето на работните задачи, а согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ" бр.109/2019, 272/2024, 22/2025) изготвен е следниов Годишен план за работа.

Со Годишнниот план за работа се презентирани активностите на Одделението за инспекциски надзор на Општина Велес кои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор и контрола. Инспекцискиот надзор и контролирањето ќе се врши во сите области на надлежност во инспекцискиот надзор согласно постоечката законска регулатива, Законот за инспекциски надзор, Законот за општа управна постапка, Законот за преставки и предлози, Законот за прекршоци, Кривичниот законик, како и евентуалните идни измени и дополнувања на поединечните законски и подзаконски акти.

Инспекцискиот надзор и контрола над субјектите, правни и физички ќе се врши преку овластените инспектори и комуналниот редар на Општина Велес согласно одредбите од: Законот за градење, Закон за градежно земјиште, Закон за јавната чистота, Закон за комуналните дејности, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за урбаното зеленило, Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за управување со отпадот, Закон за домување, Закон за превоз во патниот сообраќај, Закон за јавните патишта, Закон за основното образование, Закон за средното образование, Закон за стручно образование и обука, Закон за образование на возрасните, Закон за Бирото за развој на образованието, Закон за ученички стандард, Закон за заштита на децата, Закон за просветната инспекција, Законот за даноците на имот, Законот за комуналните такси, Законот за таксата за привремен престој, Закон за локална самоуправа, Закон за администрација, Закон за меѓуопштинска соработка, Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, Закон за сопственост и други стварни права, Закон за катастар на недвижности, Закон за облигациони односи, како и подзаконски акти донесени од надлежните министерства и Советот на Општина Велес.

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат согласно Уставот, законите и други прописи донесени согласно закон. Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес. Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедуваат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи. Инспекцискиот надзор го вршат во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи. Инспекторите се самостојни при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор. При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторите ги превземаат само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот. Инспекторите по службена должност ја утврдуваат фактичката состојба и изведуваат докази во постапката на инспекцискиот надзор. При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторите се водат од тежината на недостатокот,

штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци. При вршење на инспекцискиот надзор инспекторите првенствено вршат превентивна функција, а изрекуваат инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

Сите инспектори освен вршењето инспекциски надзор и подготовка и издавање на инспекциски и управни акти, должни се и да ги водат електонските уписници и деловодници, да примаат странки, да подготвуваат и доставуваат потребна документација до второстепени органи и Управни судови, изготвуваат и проследуваат информации, како и да одговараат на дописи од други органи и институции, физички и правни лица, како и одговори на барање поднесени согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Изработката на Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор се однесува на периодот 01.01.2026 година до 31.12.2026 година водејќи притоа сметка на платените отсуства.

Можеби овој план во тек на годината ќе претрпи измени заради стапување на сила на новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ бр.135/2025), подзаконските акти кои ќе произлезат од него, како и документите кои ќе треба да се донесат во тек на годината согласно одредбите и задолженијата од истиот закон.

## АНАЛИЗА НА РИЗИЦИТЕ

При изготвувањето на Годишниот план за работа во Одделението за инспекциски надзор односно планот на работа на секој инспектор, се прави анализа на ризик при одредување на приоритети за инспекциски надзор т.е. секој инспекциски надзор се заснива на проценка на ризик. Според степенот ризикот може да биде низок, среден и висок.

Согласно член 32 од важечкиот Закон за инспекциски надзор, инспекциските служби организирани како организациони единици во единиците на локалната самоуправа не изработуваат Методологија за проценка на ризик. Согласно овој член, обврската за изработка на оваа методологија ја имаат државните инспекторати. Но бидејќи во новиот Закон за инспекциски надзор оваа обврска ја имаат и општинските инспекторати, на овој документ ќе се работи во тек на месец јануари и тоа во сите области на вршење на инспекциски надзор. Овој документ е доста сложен и комплексен па затоа на него ќе работат сите инспектори од одделението за инспекциски надзор.

Доколку при реализацијата на Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор се сменат одредени околности врз основа на кои е направена проценката на ризикот, истите ќе се земат во предвид при подготвувањето на месечните извештаи за работа на инспекторите.

При анализата на ризиците треба да се има во предвид тежината на штетните последици и веројатноста на случување на штетните последици.

При проценката на ризикот се врши идентификација на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животна средина и здравјето на луѓето кои можат да се случат како последица од работата на субјектот на надзор .

Кога се мисли на тежината на штетните последици при идентификување на ризици се мисли на природата на штетните последици која произлегува од дејноста, производот и услугата која ја дава субјектот на инспекцискиот надзор, како и веројатноста за повторување на неправилнстите по претходно утврдена состојба.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАКОВОДЕЊЕ

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Велес, инспекциската служба е организирана како Одделение за инспекциски надзор со одговорност пред Градоначалникот. Одделението е составено од Раководител на одделението, овластени инспектори за одредени области, комунални редари и останати административни службеници. Согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општина Велес предвидени се следните инспектори:

- Виш инспектор за патен сообраќај – 1 извршител
- Советник инспектор за патен сообраќај – 1 извршител, но истото е непополнето
- Советник инспектор за патшта - 1 извршител,
- Советник комунален инспектор – 1 извршител
- Советник инспектор за утврдување на наплата на данок – предвидени се 2 извршители, но оваа област ја покрива 1 извршител
- Советник градежен инспектор – 2 извршители
- Советник инспектор за животна средина – 1 извршител, но истото е непополнето
- Советник просветен инспектор – 1 извршител
- Советник инспектор за домување – 1 извршител.

Во состав на одделението за инспекциски надзор се и следните административни службеници:

- Помлад соработник за правни работи – 1 извршител
- Комунални редари – 3 извршители.

Еден од овластените градежни инспектори оваа година на во август ќе го исполни условот за заминување во пензија, па поради тоа појдовна основа при планирање на бројот на инспекциски надзори во оваа област беше и овој податок .

Табела1: Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспекција за патен сообраќај | | | | | | Инспекција за патишта | | | | | | Комунална инспекција | | | | | | Инспекција за утврдување на наплата на данок | | | | | | Градежна инспекција | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б3 – пом. Главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В1- советник инспектор | | | | | | 0 | | | 1 | | | 1 | | | | 1 | | 1 | | 1 | | | | 1 | | | | | 2 | 2 |
| В2 –самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В3 – помошен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 |

Табела1: Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспекција за животна средина | | | | | | Просветна инспекција | | | | | | Инспекција за домување | | | | | | Вкупно | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б3 – пом. Главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | 1 | | 1 |
| В1- советник инспектор | | | | | | 0 | | | | 1 | | 1 | | | 1 | | | 1 | | 1 | 2 | 2 | 2 | 7 |
| В2 –самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В3 – помошен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3 | 2 | 8 |

Табела 2: План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

| Вид | Инспектор за патен сообраќај | | | Инспектор за јавните патишта | | | Комунален инспектор | | | Инспектор за утврдување на наплата на данок | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб | Пенз. | Разлика | Враб | Пенз. | Разлика | Враб | Пенз. | Разлика | Враб | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. Главен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | | | | |
| В1- советник инспектор | | | | | | | | | | | | |
| В2 –самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | **0** | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | |

| Вид | Градежен инспектор | | | Инспектор за животна средина | | | Просветен инспектор | | | Инспектор за домување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб | Пенз. | Разлика | Враб | Пенз. | Разлика | Враб | Пенз. | Разлика | Враб | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. Главен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | | | | |
| В1- советник инспектор | | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| В2 –самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | **0** | **1** | **-1** | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | |

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### 1. Инспекција за патен сообраќај

*Појдовна основа за изработка на планот за инспекцијата за патен сообраќај* е Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ" бр.68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/2011, 06/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/2014, 112/2014, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

*Согласно горе наведениот закон, инспекторот за патен сообраќај од Одделението за инспекциски надзор, во 2026 година ќе врши инспекциски надзор над*:

- Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Велес;
- Превозниците во посебниот линиски превоз на патници кој што се врши на територија на Општина Велес;
- Превозниците кои вршат авто-такси превоз на територија на Општина Велес;
- По иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица.

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од незаконско работење на субјектите на надзорот;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- Ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките потенцијали на субектите кои се предмет при инспекцискиот надзор;
- Зајакнување на одговорноста во субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор за спроведување на соодветната законска регулатива;
- Намалување на сивата економија со зајакнување на инспекциските надзори над нелегалните субјекти, како и отстранување на нелегалната конкуренција;
- Зголемување на конкурентните односи на субјектите на надзорот се со цел да се подобрат услугите на граѓаните.

*При анализата на ризици* како ризични подрачја идентификувани се следните: вршење на авто-такси превоз без потребна документација, вршење на посебен линиски превоз без целосна односно без документација, непочитување на дозволите и возните редови. Од таа причина акцент на инспекцискиот надзор во 2026 година ќе се даде на надзорот над превозниците и возилата на патиштата, односно на вршење инспекциски надзор на сите кои ќе бидат затекнати како вршат: општински линиски превоз на патници, посебен линиски превоз на патници и авто-такси превоз на патници, но исто така се предвидува и вршење инспекциски надзор во службените простории на инспекциската служба или седиштата на субјектите на надзор и тоа во однос на исполнување на критериумите под кои добиле лиценци и изводи од лиценци и дозволи, како и почитување на обврските произлезени од подзаконските акти. Покрај редовните планирани инспекциски надзори кои ќе се реализираат на улица, такси станици или автобуските стојалишта во присуство на полициски службеници, редовни инспекциски надзори над документацијата ќе се вршат и кај превозниците кои имаат лиценци и вршатавто-такси превоз и општински линиски превозна патници. Врз основа на овие извршени надзори ќе се категоризираат превозниците како субјекти на надзор со: висок, среден и низок ризик, а исто така ќе се изврши и категоризација на неправилностите и тоа како помала, сериозна и многу сериозна неправилност (прекршок).

Инспекторот за патен сообраќај во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно и локално ниво, пред сè со МВР-СВР Велес.

Овластениот инспектор за патен сообраќај е воедно и раководител на одделението за инспекциски надзор и согласно член член 58 став 3 точка 4 од Законот за инспекциски надзор, ќе врши инспекциски надзор 35% од месечното работно време. Врз основа на предходно спомнатото, планиран и бројот на инспекциски надзори (редовни, вонредни и контролни) во тек на 2026 година.

Табела 3.1. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Виш инспектор за патен сообраќај | 100 | 24 | 15 | 139 | 90 |
| 2 | | | | | | |

*Реализација на годишнниот план за работа на инспекторот за патен сообраќај* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе предлага постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

Покрај вршењето на инспекцискиот надзор, раководителот на одделението-вишиот инспектор за патен сообраќај во тек на 2026 година има обврска да донесува и: предлог годишен план за работа на инспекциската служба, предлог годишна програма за стручно усовршување и обуки и индивидуален годишен план за стручно усоврување и обука на инспекторите, предлог месечен план за работа за секој инспектор, предлог извештај за работата на секој инспектор, оценување на учинокот на секој инспектор, предлог методологија за ризик за одделението, изработка на предлог за коефициенти на сложеност на инспекцискиот надзор, го координира одделението, организира обуки. Исто така во тек на 2026 година, раководителот на одделението-виш инспектор за патен сообраќај ќе биде ангажиран во работа на разни комисии, како и работи поврзани со проекти за сообраќај, превоз и сл.

## 2. Инспекција за патишта

Појдовна основа за изработка на планот за инспекцијата за патишта е Законот за јавните патишта („Сл.весник на РМ“ 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Согласно горе наведениот закон, инспекторот за патишта од Одделението за инспекциски надзор, во 2026 година ќе врши инспекциски надзор на општинските патишта и улици и тоа:

- Работи кои изведуваат на патот или во близина на патот, а со кои може да се доведе во прашање сигурноста на јавниот пат и безбедноста на сообраќајот;
- Надолжни и напречни прекопи на патот, бушење на трупот на патот заради поставување на разноразна инсталација, поставување на натписи, рекламни

објекти и рекламни паноа во заштитниот појас на патот, поставување на заштитни огради и заштитни столбчиња, вонреден превоз и за прекумерно користење на пат;

- Подигање и превоз на хаварисани возила и возила во дефект на подрачјето на Општина Велес;
- Сообраќајните времени режими;
- Сообраќајната сигнализација;
- Заштитата (согласно член 50-а од ЗЈП) и одржувањето на јавните патишта.

Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:

- Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од незаконско работење на субјектите на надзорот;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- Зајакнување на одговорноста во субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор за спроведување на соодветната законска регулатива.

При анализата на ризици како ризични подрачја идентификувани се следните: вршење на подигање и превоз на хаварисани возила и возила во дефект без лиценца, непридржување на обврските предвидени во времените режими за сообраќај, вршење работи на патот без соодветни одобренија издадени од надлежен орган на Општина Велес, загрозување на безбедноста на сообраќајот.

Бидејќи оваа е прва година од работата на инспекторот за патишта, во истата ќе се идентификуваат субјектите за надзор и врз основа на овие надзори ќе се категоризираат субјекти на надзор со: висок, среден и низок ризик, а исто така ќе се изврши и категоризација на неправилностите и тоа како помала, сериозна и многу сериозна неправилност (прекршок)

Инспекторот за патишта во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано ќе соработува со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно и локално ниво, пред сè со МВР-СВР Велес.

Табела 3.2. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | советник инспектор за патишта | 24 | 36 | 15 | 75 | 50 |
| 2 | | | | | | |

*Реализација на годишнниот план за работа на инспекторот за патишта* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

*Аналитичко – информативна дејност:*

- Изработка на предлог месечни планови за работа
 (рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 25ти во месецот, за наредниот месец во тековниот месец)
- Изработка на месечен извештај за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 05ти во тековниот месец, за минатиот месец)
- Изработка на предлог годишен план за работа за 2027 година
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 15.12.2026 година)

## 3. Комунална инспекција

### 3.1 Комунален инспектор

*Појдовна основа за изработка на планот за комуналната инспекција се следните прописи*: Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за управување со пакување со пакување и отпад од пакување, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, Закон за урбано зеленило, Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес, Одлука за јавната чистота на територијата на Општина Велес, како и подзаконските акти произлезени од погоре наведените закони.

*Согласно горе наведените закони, комуналниот инспектор од Одделението за инспекциски надзор, врши инспекциски надзор над:*

- Јавното комунално претпријатие и над физички и правни лица и тоа:
  - одржување на јавната чистота  на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини согласно Годишната Програма  за одржување на јавна чистота на давател на услуга ЈКП Дервен);
  - чистење на снег во зимски услови согласно со Програмата  за зимско одржување;
  - расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради (правни и физички лица);
  - одржување на јавно зеленило и паркови согласно со Годишната Програма за одржување на јавни и зелени површини (на давател на услугата ЈКП Дервен);
  - одржување на јавни површини на отворени простори;
  - одржување на водоснабдителен систем со вода за пиење од страна на давателот на услугата ЈКП Дервен;
  - одржување на канализациониот систем од страна на давателот на услугата ЈКП Дервен;
  - управување и одржување на градски гробишта од страна на давателот на услугата  ЈКП Дервен;
  - вршење на погребални услуги од страна на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
  - одржување на Градските пазари од страна на ЈКП Дервен како давател на услуга;
  - поставување на табли со куќен број на објекти и поставување на табли со имиња на улици кај правни и физички лица;
  - неконтролирано оставање, фрлање напуштање спалување на отпадот од страна на правни и физички лица;
  - контрола и надзор на поставување на подвижни и неподвижни предмети на јавна површина;

- инспекциски надзор над физичките и правни лица како корисници на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица;

❖ Комуналниот инспектор преку извршување на инспекцискиот надзор и преземање на соодветни инспекциски мерки придонесува за зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето на Јавнито комунално претпријатие основано од општинита, на среден рок, како и на правните и физичките лица на кои ќе им биде издадена дозвола за вршење на соодветна комунална дејност од страна на државниот орган на управата.

*Критериуми со насоки за утврдување на субјектите на инспекцискиот надзор* кај кои ќе се врши редовен и контролен инспекциски надзор:

- значењето и сложеноста на инспекцискиот надзор (Јавни претпријатија основани од општината), како даватели на услуги и нивните корисници за одведување и прочистување на отпадните води преку канализационите системи, како и одржувањето на јавната чистота и јавното зеленило,
- правни и физички лица на кои Владата на Република Македонија им има доверено вршење на соодветна комунална дејност, преку соодветни дозволи и лиценци издадени од надлежен орган од областа на комуналните дејности,
- управители на гробишта во делот на тековното и инвестиционо одржување на гробната и инфраструктура,
- оператори на погребални услуги на кои надлежниот орган од областа на комуналните дејности им има издадено дозвола за вршење на овие дејности на кои особено треба да им се врши вонредени инспекциски надзори заради проверка на одржливоста на издадедената дозвола и условите под кои ги вршат тие услуги,
- Контролниот инспекциски надзор се врши кај оние субјекти на инспекциски надзор на кои им е издадено решение со рок на отстранување на неправилноста.

Вонредниот инспекциски надзор се врши по поднесена Иницијатива за поведување на инспекциска постапка, како и во случаи на претставки доставени од страна на правни и физички лица.

*Цели кои треба да се постигнат при инспекцискиот надзор:*

❖ остварување и за заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;
❖ при вршењето на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекцијата ги презема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
❖ при определувањето на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци инспекцијата се раководи од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоците;
❖ вршење превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

*При анализата на ризик* во делот на комуналната инспекција утврдено е дека предмет на инспекциски надзор ќе бидат ризичните подрачја од областа на комуналните дејности дефинирани според конкретните појави од ризици, кои искуствено врз основа на досегашните

инспекции имаат третман на ризично подрачје. Односно: ЈКП „Дервен“ како јавно претпријатие основано од општината како давател на комунални услуги во Општина Велес во однос дали се задоволени потребите на физички и правни лица како корисници на услуги, во преземање на мерки за обезбедување на јавната чистота по чл.14 и 14а, согласно член 21 став 4 од Законот за гробишта и погребални услуги исполнувањето на условите и стандардите на физичките и правни лица врз основа на кои имаат добиено лиценца за вршење на погребални услуги и други услуги за кои Министерството за транспорт и врски издава соодветна лиценца, за управителот на гробиштата за обезбедување на одржување на инфраструктурата согласно член 9 став 3, член 17 став 1 и член 40 став 3 од Законот за гробишта и погребални услуги, согласно на член 37 од Законот за снадбување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, согласно член 42 од Закон за урбано зеленило.

Изворите на информации и податоци за идентификување на ризик пред се произлегуваат од вршењето на континуиран инспекциски надзор согласно прописите со кои е утврдена надлежноста Овластениот комунален инспектор, како и соодветни преставки, дописи и сознанија од физички и правни лица.

Критериумите за утврдување на потреба од координиран инспекциски надзор со други инспекциски служби, првенствено произлегува од законскиот основ за заеднички настап, а надвор од оваа законска обврска критериумите за координиран инспекциски надзор се утврдуваат врз основа на анализите и параметрите за утврдувањето на ризикот како посебен настан.

Комуналниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно и локално ниво, пред сè со МВР-СВР Велес.

*При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на комуналниот инспектор* за 2026 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори :

Табела 3.3. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Комунален инспектор | 12 | 90 | 20 | 122 | 35 |
| 2 | | | | | | |

*Реализација на годишнниот план за работа на комуналниот инспектор* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

*Аналитичко – информативна дејност:*

- Изработка на предлог месечни планови за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 25ти во месецот, за наредниот месец во тековниот месец)

- Изработка на месечен извештај за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 05ти во тековниот месец, за минатиот месец)
- Изработка на предлог годишен план за работа за 2027 година
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 15.12.2026 година)

### 3.2. Комунални редари

*Појдовна основа за изработка на планот за работа на комунални редари* за 2026 година се: Закон за комунални дејности, Закон за јавната чистота, Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес, Одлука за јавната чистота во Општина Велес и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2026 година а се во надлежност на комуналните редари. Во декември 2024 година донесени се измени и дополнувања на Законот за комуналните дејности во кој на комуналните редари им се дава мандат да вршат контрола согласно погоре наведените прописи и доколку констатираат прекршок да издаваат прекршочни налози и водат постапка за порамнување, а доколку прекршителот не е соглласен на постапката за порамнување и не ја плати глобата од прекршочниот налог, да поведат прекршочна постапка пред надлежен орган.

*Задачите и активностите* кои ќе бидат задолженија на комуналните редари во текот на 2026 година, во рамките на Планот се таксативно приложени започнувајќи со:

Редовна контрола на терен, при утврдување на неправилности на терен превземање мерки согласно законските надлежности, обуки за имплементација на Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности, соработка на комуналните редари со другите инспекции во рамките на одделението за инспекциски надзор, каки и другите одделенија и сектори во Општина Велес и другите органи на државно и локално ниво.

Од вкупниот број на комунални редари согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Велес (вкупно 3), Планот ќе се реализира со 1 комунален редар, заради тоа што на останатите 2 комунални редари им се доделени други работни задачи во Општина Велес. Доколку истите се ослободат од другите работни задачи истите ќе продолжат да работат на терен.

*Активности* на комуналните редари:

Контролата од комуналните редари ќе се врши над физички лица согласно со Законот за јавната чистота, Законот за комунални дејности, како и одлуките донесени од СОВ врз основа на овие закони.

## 4. Инспекција за утврдување на наплата на даноци

*Појдовна основа за изработка на планот на инспекцијата за утврдување на наплата на даноци се следните прописи:*

-Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21)

-Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21)

-Законот за таксата за привремен престој („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08, 17/11 и 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20)

-Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.102/19) како и други подзаконските акти произлезени од овие закони.

*Согласно горе наведените закони, инспекторот за утврдување на наплата на данок од Одделението за инспекциски надзор, врши инспекциски надзор над:*

- данок на имот;
- комунални такси;
- такса за престој;
- контрола кај даночните обврзници во делот на пријавување во општинската база на податоци како даночни обврзници;
- контрола кај даночните обврзници во делот на плаќањето на даночните долгови - комунални такси;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица, како и по известување од Оддлението за финансиски прашања.

*Цели на инспекцискиот надзор:*

Инспекторот преку извршување на инспекцискиот надзор и преземање на соодветни инспекциски мерки придонесува за зголемување на паричните средства на општината, ефикасноста и ефективноста на работењето на општината со навремено прибраните средства на среден и долг рок;

Во вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот го врши согласно законите и други прописи донесени врз основа на закон, истиот го врши со цел за остварување и за заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;

Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор е должен работите да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено и непристрасно; по службена должност, ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор;

При вршењето на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги презема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;

При определувањето на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци инспекторот се раководи од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоците;

При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

*При анализата на ризик во делот на работењето на инспекторите утврдено е дека* предмет на инспекциски надзор ќе бидат ризичните подрачја од областа на даноците како: непријавени даночни обврзници кои не се задолжени со данок на имот т.е. кои не поднеле даночни пријави за утврдување на данок на имот, непријавени даночни-таксени обврзници кои не се пријавени и не ги плаќаат комуналните такси и таксата за престој дефинирани според конкретните појави од ризици, кои искуствено врз основа на досегашната внатрешна контрола истите се утврдени и во иднина ќе се утврдуваат.

*Во 2026 година приматот во вршење на инспекциските надзори ќе се даде на:* даночните обврзници кои имаат недвижен имот, а за тоа немаат поднесено даночни пријави за утврдување на данок на имот, даночни обврзници кои при внатрешна и надворешна контрола се утврди дека не се задолжени за цел недвижен имоти, даночните обврзници кои имаат долгови по основ на комунални такси или не се пријавени во базата за податоци за комунални такси, даночните обврзници кои имаат долгови по основ на такси за престој или не се пријавени во базата за податоци во Општина Велес или не ги плаќаат долговите по тој основ.

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законите, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно и локално ниво како МВР, Централен регистер на РСМ, АКН и др.

Табела 3.4. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Советник инспектор за утврдување на наплата на данок | 30 | 30 | 40 | 100 | 40 |

Реализација на годишниот план за работа на инспекторот за утврдување на наплата на данок ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изготвуваат известувања, записници, решенија, ќе прават постапки за порамнување, ќе подготвуваат барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд.

*Аналитичко – информативна дејност:*

- Изработка на предлог месечни планови за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 25ти во месецот, за наредниот месец во тековниот месец)
- Изработка на месечен извештај за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 05ти во тековниот месец, за минатиот месец)
- Изработка на предлог годишен план за работа за 2027 година
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 15.12.2026 година)

## 5. Градежна инспекција

*Појдовна основа за изработка на планот за градежната инспекција* е Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 113/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25), Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Сл.весник на РМ“ бр. 199/14, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20), како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон. Реализацијата на годишниот плана за работа на градежната инспекција ќе се реализира преку 2 градежни инспектори.

*Согласно горе наведениот закон, градежните инспектори од Одделението за инспекциски надзор, во 2026 година ќе врши инспекциски надзор над:*

- градбата на градежните објекти на лице место и утврдување на податоци и докази за градбата со кои се утврдува дали истата се гради со почитување на законите со кои се регулира градбата на објекти;
- објекти кои се градат без одобрение за градење;
- квалитет на градба на објектите за кои Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Велес има доставено акт со кој се потврдува донесување Одобрение за градење, Одобрение за реконструкција, пренамена и санација на објект;
- сите учесници во градба на еден градежен објект кои треба да исполнат одредени критериуми, стандарди и имаат лиценца за вршење на таков вид на активност, од фаза на проектирање се до фаза на предавање на објект во употреба;
- правните и физичките лица кои имаат поставено урбана опрема на јавните површини;
- По иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица.

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- придонесување на подобрување на контролата на објектите што се градат и поквалитетна градба на сите видови градежни објекти од втора категорија на објекти, како и почитување на законите на сите физички и правни лица учесници во сите фазите на градба на еден објект;
- законита и стручна примена на законите со цел сите учесници во било која фаза на градба на еден градежен објект, било да се физички лица или правни лица да ги почитуваат законите со кои се регулира градбата на објектите;
- градежната инспекција делува превентивно со навремена контрола врз градбите и начинот на градба на истите како и превземање санкции во колку некоја градба не се изведува во согласност со важечките закони;
- примена на законите за да се заштити јавниот интерес како и интересот на секој поединечен граѓанин што учествува во градбата или е засегнат при градење на објект во непосредна близина на сопствениот објект;
- брзо, ефективно и стручно водење на управните и инспекциските постапки и во временски со закон определен рок со што истите би се завршиле во што е можно пократок рок;
- преку вршење надзор над градбите се зголемува квалитетот на градбите и се гарантира дека градбата се гради во согласност со стандардите за градба за соодветен тип на објект од втора категорија на градба;
- при определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- Намалување на сивата економија со зајакнување на инспекциските надзори над нелегалните субјекти, како и отстранување на нелегалната конкуренција.

Градежните инспектори во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваат со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно и локално ниво.

*При анализата на ризици* како ризични подрачја се идентификувани следните: градење, реконструкција, надградба и доградба на објекти без потребна документација; непридржување на инвеститорите и изведувачите кон одобренијата и решенијата за објектите издадени од Градоначалникот; непридржување на законските обврски на инвеститорите и изведувачите при започнување, тек и завршување на градба, доградба, надградба, реконструкција; поставување на урбана опрема и времени објекти без одобрение, односно непридржување на условите од одобрението.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на градежната инспекција за 2026 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори :

Табела 3.4. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

| Реден бр. | Општина Велес 2 извршители | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Градежни инспектори | 36 | 68 | 36 | 140 | 58 |
| 2 | | | | | | |

Во месец август едниот градежен инспектор се стекнува со право на пензија, а при тоа ќе има отсуство скоро од 2 месеци заради користење на годишниот одмор од 2025 и 2026 година. Понатаму тој ќе треба да изврши целосно архивирање на предметите од инспекциска постапка кои ги има оформрно, како и предавање на предметите кои не се завршени и сеуште се во тек. Од сето погоре кажано произлегува дека бројот на вкупните надзори во оваа област ќе биде помал во однос на минатата година.

Реализација на годишнниот план за работа на градежната инспекција ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор, при што при вршење на инспекцискиот надзор ќе се изрекуваат инспекциски мерки, ќе се предлага постапки за порамнување, ќе се подготвуваат барања пред надлежен суд согласно своите овластувања. За инспекциските надзори градежните инспектори задолжително ќе го ажурираат и Дневникот на градежна инспекција Исто така градежните инспектори ќе вршат прием на лица и странки кои имаат потреба за запознавање на Законот за градење и начинот како да ги задоволат барањата на законите кои ја регулираат градбата на еден објект.

*Аналитичко – информативна дејност:*

- Изработка на предлог месечни планови за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 25ти во месецот, за наредниот месец во тековниот месец)
- Изработка на месечен извештај за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 05ти во тековниот месец, за минатиот месец)
- Изработка на предлог годишен план за работа за 2027 година
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 15.12.2026 година)

## 6. Инспекција за животна средина

Инспекциски надзор во оваа област во 2026 година нема да може да се врши заради непополнетост на работното место - инспектор за животна средина во Општина Велес. Доколку во оваа година се реализира вработување на овластен инспектор за животна средина, тогаш ќе се постапува согласно член 42 од Законот за инспекциски надзор и вработениот ќе биде кандидат за инспектор кој ќе мора да помине 1 година во обука, па потоа да стекне право да полага за лиценца за инспектор. По реализирање на овој услов ќе може да врши инспекциски надзор согласно Законот за инспекциски надзор и материјалните закони кои ја регулираат оваа област.

## 7. Просветна инспекција

*Појдовна основа за изработка на планот за просветна инспекција* се: Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/ 2004, ...163/18 и („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/25 и 74/25), Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ, бр.161 од 5.8.2019 година), Закон за ученички стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20 и 235/24), Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

*Согласно горе наведените закони, овластениот просветен инспектор од Одделението за инспекциски надзор при Општина Велес, во 2026 година ќе врши инспекциски надзор над:*

- Законското работење во општинските основни училишта;
- Законското работење во општинските средни училишта;
- Законското работење во општинската јавна установа за деца;
- Законското работење во општинскиот ученички дом;
- По претставки и иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица.

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- Вршење надзор над законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието, односно законитоста на вршењето на работите во воспитно-образовните институции во надлежност на Општина Велес.
- Увид на терен и изготвување записници за констатираните состојби и наоди од редовни и вонредни инспекциски надзори и контролни надзори за отстранување на констатираните недостатоци;

- Превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од незаконско работење на субјектите на надзорот;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- Засилување на одговорноста во субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор за спроведување на соодветната законска регулатива;
- Вршење на контролни надзори за отстранување на констатираните недостатоци;
- Унапредување на воспитно-образовната дејност во субјектите на надзорот согласно новите измени и дополнувањата во законите.

Овластениот просветен инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законите, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно ниво, пред сè со Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Дражавен просветен инспекторат, Дражавен испитен центар и други надлежни институции.

*При анализата на ризици* како ризични подрачја се идентификувани следните: непочитување на пропишаните законски одредби при работа во воспитно-образовните установи реализација на активности без целосна или без комплетна документација; непочитување на законите при работата на органите и телата во општинските училишта, детската градинка и ученичкиот дом; неправилности при избор на кадар во воспитно-образовните институции основани од општината, неправилности при вршење на организиран превоз на ученици и друго. Од таа причина акцент на инспекцискиот надзор во 2026 година ќе се даде на надзорот над воспитно-образовните установи односно на вршење на редовни и вонредни инспекциски надзори на законското работење на сите воспитно-образовните установи во надлежност на Општина Велес

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на овластен просветен инспектор за 2026 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори:

Табела 3.5. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | овластен просветен инспектор | 50 | 20 | 10 | 80 | 10 |

Реализација на годишниот план за работа на општинскиот просветен инспектор ќе биде спроведувана преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што просветниот инспектор при вршење на инспекцискиот надзор ќе подготвува записници, ќе изрекува инспекциски мерки, ќе издава опомени, ќе подготвува известувања до градоначалникот, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган и активно ќе учествува во работењето по однос и на други делегирани надлежности.

*Аналитичко – информативна дејност:*

- Изработка на предлог месечни планови за работа

(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 25ти во месецот, за наредниот месец во тековниот месец)

- Изработка на месечен извештај за работа

(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 05ти во тековниот месец, за минатиот месец)

- Изработка на предлог годишен план за работа за 2027 година

(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 15.12.2026 година)

## 8. Инспекција за домување

*Појдовна основа за изработка на планот за инспекцијата за домување* е Законот за домување („Службен весник на Република Македонија'' бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.302/20, 150/22, 224/24 и 160/25) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

*Согласно горе наведениот закон, инспекторот за домување од Одделението за инспекциски надзор, во 2026 година ќе врши инспекциски надзор над*:

- Станбени, станбено-деловни и деловно-станбени згради во однос на тоа дали управувањето со истите се врши согласно закон;
- Закупничките односи, односно дали истите се уредени согласно Законот за домување;
- Примената на правилниците и другите акти донесени согласно Законот за домување;
- Почитувањето на пропишаните норми и стандарди за домување;
- Правното или физичкото лице во однос на исполнување на условите врз основа на кои му е издадена лиценцата;
- Правните и физичките лица кои имаат лиценца, во однос на тоа дали управувањето го вршат согласно Законот за домување и подзаконските акти;
- По иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица.

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од незаконско работење на субјектите на надзорот;
- Определување на инспекциски мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, во склад со тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- Ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките потенцијали на субектите кои се предмет при инспекцискиот надзор;
- Брзо, ефективно и стручно водење на управните и инспекциските постапки и во временски со закон определен рок со што истите би се завршиле во што е можно пократок рок;
- Зајакнување на одговорноста во субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор за спроведување на соодветната законска регулатива;

- Зголемување на конкурентните односи на субјектите на надзорот се со цел да се подобрат услугите на граѓаните.

*При анализата на ризици* како ризични подрачја се идентификувани следните: непрописно управување со станбените, станбено-деловните и деловно-станбените згради, непостоење на форма на управување со станбените, станбено-деловните и деловно-станбените згради (немање на управител или Претседател на заедница на станови), непочитување на пропишаните норми и стандарди за домување, недоволна документација во однос на управувањетоо кај управителите или претседателите на заедниците на станови. Акцент на инспекцискиот надзор во 2026 година ќе се даде на надзорот над станбените, станбено-деловните и деловно-станбените згради во однос на тоа дали имаат воспоставено форма на управување.

Инспекторот за домување во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Велес и органите на државно и локално ниво.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на овластениот инспектор за домување за 2026 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори:

Табела 3.6. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

| Реден бр. | Општина Велес 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за домување | 35 | 20 | 45 | 100 | 45 |
| 2 | | | | | | |

*Реализација на годишнниот план за работа на инспекторот за домување* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

*Аналитичко – информативна дејност:*

- Изработка на предлог месечни планови за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 25ти во месецот, за наредниот месец во тековниот месец)
- Изработка на месечен извештај за работа
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 05ти во тековниот месец, за минатиот месец)
- Изработка на предлог годишен план за работа за 2027 година
(рок на доставување до раководител на одделение: најдоцна до 15.12.2026 година)

## ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Имајки го во предвид Законот за инспекциски надзор, член 49 и член 50, инспекторите се должни континуирано професионално и стручно да се усовршуваат и обучуваат согласно областа на инспекциската служба за која е вработен.

Стручното усовршување се спроведува преку генерички и специјализирани обуки. За генеричките обуки се изработува Годишна програма со најмалку 3 генерички обуки, додека специјализираните обуки ќе се посетуваат од областа која во бидат организирани.

Обуките за останатите административни службеници ќе се реализираат согласно годишниот план за обуки, како и   други обуки понудени од правни лица овластени да вршат таков вид на услуга.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување Планот за работа на Одделението за инспекциски надзор потребни се финансиски средства кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

При вршењето на инспекцискиот надзор овлстените инспектори ќе соработуваат со:

- Министерство за внатрешни работи – СВР Велес;
- Полициска станица за безбедност на сообраќајот на патиштата при СВР Велес и тоа при редовниот, вонредниот и контролниот инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај;
- Министерството за образованието и наука;
- Државен инспекторат за транспорт;
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам;
- Државен инспектор за животна средина;
- Државен комунален инспекторат;
- Државен просветен инспекторат;
- Државен управен инспекторат;
- Регулаторна комисија за домување;
- Биро за развој на образованието;
- Центарот за средното образование и обука;
- Централен регистер на РМ;
- ЗЕЛС;
- Акредитирани установи за образование;
- Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес;
- Ученички средношколски дом „Лазар Лазаревски“ Велес;
- Директорите или координаторите на Проектите кои се  застапени во образованието;
- Одделението за урбанизам во Општина Велес заради доставување на информации и документи;

- Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Велес;
- Одделението за животна средина во Општина Велес;
- Соработка со службите во општината и Комисијата за давање на мислење по барање за издавање на дозвола за користење на подземна вода од бунари за дејности или активности за кои е потребна дозвола на територијата на Општина Велес;
- Соработка со службите во општината и Комисијата за давање на мислење по барање за доделување концесија за минерални суровини на територијата на Општина Велес;
- Соработка со службите во општината во улога на член на Комисија за утврдување на локации за поставување на садови за отпад на јавни површини;
- Соработка со Комисија за јавни набавки
- Други сектори и одделенија при Општина Велес;
- Стручни и научни установи и институции и др. правни лица во реализирање на доказната постапка (земање на мостри за анализа, извештаи од извршената анализа на почва, отпадна вода, вода во реципиент, загадувачки супстанции од стационарни извори на загадување, бучава во животна средина и соседство и сл.) со кои општината има склучено договор;
- Соработка со други органи и стручни установи за обезбедување на докази при водењето на инспекциската и управната постапка.

Согласно Законот за инспекциски надзор, инспекциската служба ќе изготвува годишни извештаи за својата работа. На интернет страницата на Општина Велес ќе се објават листите за проверка за секој закон по кој се врши инспекциски надзор, а на истата е објавен и образецот за Иницијатива за поведување на инспекциска постапка.

Инспекциската служба на Општина Велес ќе продолжи во електронска форма да го води Уписникот за првостепена инспекциска постапка и истиот континуирано ќе се подобрува од страна на предлозите дадени од одделението за информатичка технологија.